# И ВО ЛЕТО ВРЕДИ ДА




## 1. Платежна картичка



Нучивме што е платежна картичка. Постојат кредитна и дебитна, а тие картички се добиваат во банка. Најчесто се поврзани со платата што ја примаат родителите. Картичките ги користиме кога сакаме да купиме нешто, а притоа немаме пари со нас. Сопствени картички ќе имате кога ќе наполните 18 години, а дотогаш ќе штедите.

## 2. Банкомат



Тоа е автомат што овозможува банкарска услуга без присуство на човек. За да повлечеме пари од нашата сметка на банкомат, потребна ни е платежна картичка.

## 3. Глобалната недела на пари



Тоа е настан што се одбележува во сиот свет. Оваа година учествуваа околу 2 милиони деца од над 100 земји. Во Македонија, тимот на Народната банка на Република Македонија посети повеќе основни училишта. Дали Денарко беше во вашето училиште? Ако тоа не се случило годинава, ветуваме дека Денарко ќе ви биде гостин следната година.

GLOBAL MONEY WEEK

Child&Youth Finance International

## 4. Злато




Учевме и за златото, како се користи, како се мери и која е неговата вредност. Научивме дека тоа е многу вреден метал. Неговата вредност се мери во унци, а се изразува во американски долари. Од златото се изработуваат монети, различен накит и украси, но се користи и како резервно средство.